СТ.44/16

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС како првостепен суд преку стечајниот судија Валентина Ѓоргиевска, постапувајќи во отворената стечајна постапка над имотот на стечајниот должник Друштво за угостителство и други услуги, производство и промет на големо и мало СКИ ЦЕНТАР КОЖУФ АД Кавадарци-во стечај со седиште на ул.7-ми Септември б.б во Кавадарци по одржаната седница на Завршно Собрание на доверители на должникот во присуство на стечајниот управник Богољуб Макревски од Скопје и за доверителот РМ-МФ-УЈП-РД Прилеп застапникот по закон Државен правобранител за подрачје Велес Валерија Николова, за доверителот ЕВН МАКЕДОНИЈА АД Скопје полномошник адвокат Игор Митревски вработен во адвокатско друштво ЧУКИЌ И МАРКОВ од Скопје и за доверителот СТОПАНСКА БАСНКА АД СКОПЈЕ полномошник Марјан Фидановски дипломиран правник со положен правосуден испит вработен кај доверителот, на ден 17.10.2025 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

СЕ КОНСТАТИРА дека Завршното Собрание на доверители на стечајниот должник Друштво за угостителство и други услуги, производство и промет на големо и мало СКИ ЦЕНТАР КОЖУФ АД Кавадарци-во стечај со седиште на ул.7-ми Септември б.б во Кавадарци го потврди предлог-планот за конечна распределба на паричини средства на разлачен доверител СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје доставен до Основен суд Велес на 11.09.2025 година во стечајното досие на предметот СТ бр.44/2025 на Основен суд Велес.

СЕ КОНСТАТИРА дека Завршното Собрание на доверители на стечајниот должник Друштво за угостителство и други услуги, производство и промет на големо и мало СКИ ЦЕНТАР КОЖУФ АД Кавадарци-во стечај со седиште на ул.7-ми Септември б.б во Кавадарци, ги усвои Завршната сметка и Завршниот извештај на стечајниот должник поднесени од стечајниот управник Богољуб Макревски од Скопје поднесени на 11.09.2025 година.

СЕ КОНСТАТИРА дека Завршното Собрание на доверители на стечајниот должник Друштво за угостителство и други услуги, производство и промет на големо и мало СКИ ЦЕНТАР КОЖУФ АД Кавадарци-во стечај со седиште на ул.7-ми Септември б.б во Кавадарци, го потврди предлогот на стечајниот управник Богољуб Макревски од Скопје по спроведување на конечната распределба на средствата да се запре и да се заклучи стечајната постапка и по правосилноста на решението, должникот да се брише од Трговскиот регистар што се води во ЦРРСМ.

О б р а з л о ж е н и е

стечајното досие извештајот за текот на стечајната постапка, предлог-планот за конечна распределба на парични средства на разслачен доверител СТОПАНСКЉА БАНКА АД Скопје, предлог-пресметката за награда за работењето на стечајниот управник за водење на постапката и завршниот извештај со завршна сметка.

Основниот суд Велес ги објави на огласна табла на судот завршната сметка на стечајниот должник и завршниот извештај на стечајниот управник Богољуб Макревски од Скопје дека истите се депонирани во стечајното досие на увид на доверителите. До стечајниот судија не приговори ниту еден доверител на стечајниот должник.

Основниот суд Велес го објави на огласна табла на судот предлог-планот за конечна распределба на паричните средства на доверителите.

Во Службен Весник на РСМ бр.201 од 30.09.2025 година објавен е оглас во Службен Весник на РМ и објавен е оглас на огласната табла на Основниот суд Велес на ден 24.09.2025 година во кои се објавува дека се закажува завршно Собрание на доверители на стечајниот должник на ден 17.10.2025 година.

На одржаното Завршно Собение на доверители судот констатира дека со 100% од вкупно утврдените побарувања што претставуваат едногласно изјаснување на присутните доверители со право на глас се донесе одлука со која се потврди Планот за конечна распределба на парични средства на разлачен доверител СТОПАНСКА БАНКА АД Скопје и се усвои завршниот извештај со завршна сметка изготвени од стечајниот управник Богољуб Макревски од Скопје.

На одржаното завршно Собрание на доверители на стечајниот должник, Собранието на доверители го усвои предлогот на стречајниот управник да се запре и заклучи стечајната постапка и по правосилниста на решението стечајниот должник да се брише од трговскиот регистар при ЦРРСМ со процент од 64,455% од присутните доверители со утврдено право на глас кои гласаа ЗА предлогот на стечајниот управник и со 2,656% од присутните доверители со утврдено право на глас кои гласаа ПРОТИВ односно со процент од 92 % од утврдените побаруваа претставени од присутните доверители.

Имајќи го во предвид погоренаведеното судот одлучи како во изреката на решението а согласно чл.11 од Законот за стечај, в.в. со чл.197 ст.1 и ст.2 од Законот за стечај.

ОСНОВЕН СУД ВЕЛЕС СТ бр.44/2016 од 17.10.2025 година

Стечеаен судија
Валентина Ѓоргиевска

ПРАВНА ПОУКА :

Против ова решение доверителите имаат право на жалба во рок од 8 дена од денот на